РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 204-4985/1
27-02-2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Решение Уп 1.бр. 09-210 од 05.12.2016 година донесено од Дирекцијата за заштита на личните податоци а во врска со членовите 10, 12 и 14 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15 и 99/16), како и член 15 од Законот за катастар на недвижности ( „Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016 и 172/16) и член 18 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 77/13 и 30/15 ) Директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ПРОЦЕДУРА
# ЗА ПРАВОТО НА ПРИСТАП И ИСПРАВКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## Член 1

Со оваа процедура се пропишува начинот на постапување при приемот, прегледувањето и распоредувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци од страна на субјектите на личните податоци.

## Член 2

Субјектот на личните податоци во барањето за пристап и исправка на личните податоци има право да бара одговор на следното: дали се врши обработка на личните податоци на субејктот на личните податоци; за целите и правната основа на обработката на личните податоци и корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат личните податоци; за личните податоци во врска со субјектот на личните податоци и изворот на податоци; за логиката на автоматизирана обработка, во случај на одлука донесена врз автоматска обработка, која има влијание врз субјектот на лични податоци; за задолжителноста на давањата на одговорите на прашањата; за можните последици ако не се даде одговор и постоењето на право на пристап и право на исправка на неговите лични податоци.

Агенцијата за катастар на недвижности е должна да одговори на субјектот на личните податоци во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Образецот на Барањето за правото на пристап и исправка до личните податоци е дадено во прилог на оваа процедура.

## Член 3

Агенцијата за катастар на недвижности, приемот на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци од страна на субјектите на личните податоци го врши во писарницата на Агенцијата за катастар на недвижности, Центар за катастар на недвижности и Одделенија за катастар на недвижности Скопје (во понатамошен текст АКН, ЦКН и ОКН), во која се вршат работите за

канцелариско и архивско работење во АКН, ЦКН и ОКН (во натамошниот текст: архива).

Член 4

По заведувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци од страна на субјектите на личните податоци, сите предмети истиот ден по приемот се доставуваат за работа до државниот службеник кој работи на одговор на овие барања на субјектите на лични податоци во АКН, ЦКН и ОКН.

Доставувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци се врши преку интерната доставна книга на АКН, ЦКН и ОКН.

Член 6

Примањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци за работа, државниот службеник кој го работи предметот го потврдува со ставање на датум и потпис во интерната доставна книга.

Член 7

Испраќањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци се врши преку архивата на АКН, ЦКН и ОКН преку пошта.

Член 8

Предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци се чуваат во метални заклучени ормани, до кои пристап и дозвола за користење има само архиварот во АКН, ЦКН и ОКН. Просторијата во која се сместени металните ормани е опремена со клима уред и ПП апарати и истата овозможува заштита од влага, температура, непосредна сончева светлина и од други видови оштетување.

Член 9

За архивирање на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци се применуваат прописите за архивска граѓа.

Член 10

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето.

ДИРЕКТОР

---------------------

Славчо Трпески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

______________________________
(Центар/Одделение за катастар на недвижности)

______________________________
Број на барање и датум на прием

**БАРАЊЕ**
**за пристап и исправка на лични податоци**

## СУБЈЕКТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име и Презиме | | | | |
| Адреса | | | | |
| Контакт | Е-Пошта | | Телефон | |

☐ **1.Барање за пристап**

Барам од Агенцијата за катастар на недвижности ( Контролор на лични податоци) да ме информира за следното:
**означете со „х" едно или повеќе од ноторните барања*

☐ Дали се врши обработка на мои лични податоци

☐ За целите и правната основа на обработката на моите лични податоци

☐ Корисниците или категориите на кои им се откриваат моите лични податоци

☐ Кои мои лични податоци се обработуваат и кој е изворот на податоците

☐ За логиката на автоматизираната обработка, во случај на одлука донесена врз автоматската обработка, која има влијание врз мене

**Напомена: Правото на субјектот на лични податоци е пропишано со член 11 од Законот за заштита на личните податоци ( „Службен весник на РМ" бр. 7/05....99/16) и Контролорот е должен да одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за пристап на*

*посочената адреса или е-пошта*

## 2. Барање за исправка

Барам од Агенцијата за катастар на недвижности ( Контролор на лични податоци) да ги дополни , измени, избрише или да го сопре користењето на моите лични податоци и тоа :

***се наведуваат лични податоци за кои се бара исправка доколку се нецелосни, неточни или неажурирани и/или нивната обработка не е во согласност со закон**

**Напомена: Правото на субјектот на лични податоци е пропишано со член 12 од Законот за заштита на личните податоци ( „службен весник на РМ" бр. 7/05....99/16) и* **контролорот е должен да одговори во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето** *за исправкана посочената адреса или е-пошта*

## ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ

Име и Презиме

Потпис

Датум на поднесување